РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-316/3
08.03.2024 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-316/1 од 27.02.2024 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.бр.65, к.п.бр.66 и к.п.бр.67 КО Пклиште, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.бр.65, к.п.бр.66 и к.п.бр.67 КО Пклиште, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.бр.65, к.п.бр.66 и к.п.бр.67 КО Пклиште, Општина Ранковце со тех.број 09.01.02/24 од февруари 2024 година, изработена од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги „СТАН Арт" ДОО Куманово, врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0028.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-316/1 од 27.02.2024 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.бр.65, к.п.бр.66 и к.п.бр.67 КО Пклиште, Општина Ранковце со тех. број 09.01.02/24 од февруари 2024 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам бр.22-316/2 од 01.03.2024 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно број УЗП 4965/2022 од 29.08.2022 година, заверено кај нотар Анита Цветановска во Куманово.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.бр.65, к.п.бр.66 и к.п.бр.67 КО Пклиште, Општина Ранковце;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-153/03 од 19.08.2022 година, изработен од ТДГР „ГЕО ТИМ 2021“ ДООЕЛ Куманово.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-44/2022 од 19.08.2022 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y44022 од ноември 2022 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 2293/2022 од 09.12.2022 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2024.03.08 09:00:28 +01'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2024.03.08 09:01:35 +01'00'